ПОЧИТУВАН ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ, ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ, ПОЧИТУВАН МИТРОПОЛИТ КУМАНОВСКО ОСОГОВСКИ Г-ДИН ЈОСИФ, ПОЧИТУВАН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА СЛОВАЧКА ВАША ЕКСЕЛЕНЦИЈО Г-ДИН МАРТИН БЕЗАК, ПОЧИТУВАН ДИРЕКТОР НА АФПЗРР Г- ДИН ТОНИ ДИМОВСКИ, ПОЧИТУВАНИ ПОРАНЕШНИ ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО И НА СОВЕТОТ ОПШТИНА НА КРИВА ПАЛАНКА, ПОРАНЕШНИ ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА КРИВА ПАЛАНКА ПОЧИТУВАНИ ГОСТИ ОД НАШИТЕ ЗБРАТИМЕНИ ГРАДОВИ, ЛУГОЖ – ГРАДОНАЧАЛНИК Г-ДИН ФРАНЦИС БОЛДЕА СО ДЕЛЕГАЦИЈАТА, ДУПНИЦА КМЕТ Г-ДИН МЕТОДИ ЧИМЕВ СО ДЕЛЕГАЦИЈАТА, ПОЧИТУВАНИ ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА ОД ОПШТИНА ВРШАЦ, ПОЧИТУВАН ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СВИДНИК Г-ДИН ЈАН ХОЛОДЊАК СО ДЕЛЕГАЦИЈАТА, ПОЧИТУВАНИ СОГРАЃАНИ, ДРАГИ ГОСТИ, ДАМИ И ГОСПОДА!

ДЕНЕСКА НАШАТА ОПШТИНА ПО ПОВОД ПРЕСТОЈНИТЕ ПРАЗНИЦИ НА НАШИОТ ПАТРОН СВ.ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ ОДБЕЛЕЖУВА УШТЕ СВЕЧЕН НАСТАН. А ТОА Е ПОТПИШУВАЊЕТО НА СПОГОДБАТА ЗА СОРАБОТКА ОДНОСНО ЗБРАТИМУВАЊЕ ПОМЕЃУ ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА Р. МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНА СВИДНИК ОД РЕПУБЛИКА СЛОВАЧКА.

СО ОВОЈ ЧИН ГО ЗГОЛЕМУВАМЕ КРУГОТ НА НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛСКИ ГРАДОВИ НА ГРАДОВИТЕ КОИ НИЕ ГИ СМЕТАМЕ ЗА БРАТСКИ ГРАДОВИ, А И КАДЕ ШТО ТИЕ НАС НЕ СМЕТААТ ЗА БРАТСКИ ПРИЈАТЕЛИ.

НЕ СЛУЧАЈНО РЕКЛЕ ДЕКА БОГАТСТВОТО НА ЧОВЕКОТ СЕ МЕРИ ПО ТОА, ДА ЧОВЕК КОЛКУ ПОВЕЌЕ ИМА ПРИЈАТЕЛИ ТОЛКУ Е ПОБОГАТ .

ЕВЕ ДЕНЕСКА ВО СЕМЕЈСТВОТО НА ПРИЈАТЕЛСКИТЕ ГРАДОВИ КОИ ГИ ИМА НАШАТА ОПШТИНА ПОКРАЈ: ДУПНИЦА И БАНСКО ОД БУГАРИЈА, ВРШАЦ ОД СРБИЈА, МЛАВА ОД ПОЛСКА, САМБЕРВИЛ ОД БЕЛГИЈА, ТАТЛИ СУ ОД СЕВЕРЕН КИПАР ГО ЗАПИШУВАМЕ И СВИДНИК ОД СЛОВАЧКА.

ИСКРЕНО КАЖАНО УБАВО Е ЧУВСТВОТО КОГА ИМАШ ПРИЈАТЕЛИ КОГА ГЛЕДАШ ДЕКА НЕ СИ САМ, ДЕКА ИМАШ БЛИСКИ ГРАДОВИ ОД ПОВЕЌЕ ДРЖАВИ ВО ЕВРОПА, КАКО ОД СОСЕДСТВОТО ТАКА И ОД ПОДАЛЕКУ. КОГА ГИ ПОЧИТУВАШ И КОГА ТИЕ ТЕ ПОЧИТУВААТ.

ЗА ДЕНЕШНИОТ ЧИН НА ЗБРАТИМУВАЊЕ ПОСЕБНО БИ САКАЛ ДА МУ СЕ ЗАБЛАГОДАРАМ НА АМБАСАДОРОТ НА РЕПУБЛИКА СЛОВАЧКА ВО МАКЕДОНИЈА НЕГОВАТА ЕКСЕЛЕНЦИЈА Г-ДИН МАРТИН БЕЗАК КОЈ ШТО ГО ИНИЦИРАШЕ ОВА НАШЕ ЗБРАТИМУВАЊЕ ПОМЕЃУ СВИДНИК И КРИВА ПАЛАНКА.

ИМЕНО НА ИНИЦИЈАТИВА НА АМБАСАДОРОТ, А НА ПОКАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СВИДНИК Г-ДИНОТ ЈАН ХОЛОДЊАК ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ПРЕД НЕКОЛКУ МЕСЕЦИ ПРЕТСТОЈУВАШЕ ВО СВИДНИК НА ПРАЗНИКОТ НА ГРАДОТ. ТАМУ БЕВМЕ ПРИМЕНИ НАВИСТИНА НА НАЈПРИЈАТЕЛСКИ НАЧИН И ВО ПРИЈАТЕЛСКА АТМОСВЕРА. ГОСТОПРИМСТВОТО КОЕ НИ БЕШЕ УКАЖАНО НАВИСТИНА БЕШЕ НА ВИСОКО НИВО.

ЗА ГРАДОТ СВИДНИК ЗА НЕГОВАТА ИСТОРИЈА И ТРАДИЦИЈА ЌЕ ОСТАВАМ ДА ГО ПРЕТСТАВИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Г-ДИНОТ ЈАН ХОЛОДЊАК.,

ПОЧИТУВАНИ ПРИСУТНИ!

СМЕТАМ ДЕКА ДЕНЕШНИОТ ЧИН НА ПОТПИШУВАЊЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ЌЕ БИДЕ ПОЧЕТОК НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ НАШИТЕ ДВЕ ОПШТИНИ. НОРМАЛНО СОРАБОТКАТА ЈА ПОЧНУВАМЕ НА КУЛТУРНО НИВО, НО ТОА ЌЕ БИДЕ САМО ПОЧЕТОКОТ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА СОРАБОТКА И НА СИТЕ ДРУГИ НИВОА КАКО НА ОБРАЗОВЕН, ТУРИСТИЧКИ И СЕКАКО НА ЕКОНОМСКИ ПЛАН. ДА ОВОЗМОЖИМЕ НАШИТЕ ЛУГЕ ДА КОМУНИЦИРААТ ДА СОРАБОТУВААТ СЕКОЈ ОНАМУ КАДЕ ШТО МОЖЕ СО СВОЈ ПАРТНЕР ДА НАЈДЕ ПОЛЕ НА СОРАБОТКА. НАШИТЕ ГРАЃАНИ ОД КРИВА ПАЛАНКА И ОД СВИДНИК НЕКА СОРАБОТУВААТ КАКО БЛИСКИ И БРАТСКИ ПАРТНЕРИ.

ПОЧИТУВАНИ ПРИСУТНИ ЈАС КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК ПОКРАЈ ДРУГИТЕ МОИ ОБВРСКИ И ВО ИДНИНА ЌЕ ПРОДОЛЖАМ ДА ГО СВРТУВАМ ВНИМАНИЕТО НА ОТВОРЕНОСТА НА НАШАТА ОПШТИНА ЗА СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОПШТИНИ ОД ДРУГИ ЗЕМЈИ СЕ СО ЦЕЛ ШТО ПОВЕЌЕ ДА ЈА АФИРМИРАМЕ НАШАТА ОПШТИНА ВО ШТО ПОГОЛЕМ БРОЈ НА ДРЖАВИ, МОРАМЕ ДА БИДЕМЕ ОТВОРЕНИ КОН СВЕТОТ И ДА ИМАМЕ ШТО ПОВЕЌЕ ПРИЈАТЕЛИ.

НЕКА НИ Е СО СРЕЌА НОВОТО ЗБРАТИМУВАЊЕ И НЕКА НИ Е ЗА МНОГУ ГОДИНИ

БЛАГОДАРАМ!